# Нет.Бит Датацентар



Отворен е првиот центар за деловен континуитет во Македонија

## Датацентарот на Нет.Бит ќе ги опслужува водечките фирми

Деновиве започнува со работа центарот за деловен континуитет **Нет.Бит - Датацентар** во Велес, прв центар од ваков вид во Македонија. **Датацентар** им обезбедува деловен континуитет на корисниците, преку заштитата на нивните критични деловни процеси. Клиентите ќе можат да извршуваат дел од своите операции од локацијата во Велес, а покрај тоа ќе имаат постојано активни сервери со потребниот софтвер и бази на податоци.

„При дизајнирањето на центарот главен мотив беа сигурноста и безбедноста на центарот, а секако и квалитетот на услугата што ќе им се понуди на клиентите. Сите услуги се извршуваат според стандардите за информатички услуги (ИСО20000), за безбедност на информациите (ИСО27001) и за квалитет (ИСО9001)“ - изјави Робин Бојчевски, менаџер на секторот за деловен консалтинг во Нет.Бит.

**Датацентар** може да им понуди на клиентите повеќе услуги - од најобична заштита (бекап) на податоците на секундарна високо-безбедна локација, преку резервна локација за ИТ операции, па се' до целосна миграција на клучни процеси, како што се на пример платниот промет во земјата и странство кај банките, центрите за односи со корисници, и други.

На клиентите им се на располагање простории за работа со странки од отворен тип, како и дел за позадински операции. Сите работни простори се брендирани соодветно со знаците на клиентите.

**Датацентар** има постојано вработени оператори кои се на располагање на клиентите за систем-администраторски задачи.





Први корисници на **Датацентар** се фирми од финансискиот сектор кои безбедноста на своите операции и својот имиџ пред клиентите ги имаат како највисок приоритет.

„**Датацентар** е реализиран според највисоките светски стандарди од оваа област: опремен е со најнова техника од Хјулит-Пакард и Циско Системс, а покрај тоа располага и со редундантни системи за управување, напојување, надзор, комуникации, климатизација, поддршка итн. Системите се високо-редундантни и со највисок можен степен на заштита. Направивме голема инвестиција за да им понудиме на клиентите врвна услуга.“ - рече Оливер Дончевски, менаџер за технологии и услуги во Нет.Бит.

## ДРУГИ НОВОСТИ

### ПАРТНЕРСКИ ДОГОВОР СО НОКИА-СИМЕНС НЕТВОРКС

Како резултат на долгогодишната успешна соработка, Нет.Бит и Нокиа-Сименс Нетворкс (НСН) потпишаа партнерски договор. Со овој договор, како и со вложувањата што ги правиме во обуката на нашите вработени, очекуваме понатамошен развој на бизнисот со НСН во Македонија и во регионот.

### ПАРТНЕРСКИ ДОГОВОР СО ХЈУЛИТ-ПАКАРД

Нет.Бит го потпиша договорот за преферирaн партнер на Хјулит-Пакард (ХП). Продолжува соработката со ХП во испорака на опрема и решенија од висока класа, како што се системи за складирање на податоци, сервери и софтвер од ХП.